# И З В Е С Т У В А Ње
## ЗА ЛЕТНА ПРАКСА

Студентите запишани на прв циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје на студиските програми воведени во учебната 2017/2018 година, се известуваат дека, практичната настава (летна пракса) во времетраење од 30 дена, **задолжителна** за студентите запишани во зимски втор пат и летен втор пат семестар, како и зимски трет пат и летен трет пат семестар во учебната 2021/2022 година, а **факултативна** за сите останати студенти, ќе се реализира по завршувањето на наставните активности, а најдоцна до **30 септември 2022** година, односно до почетокот на новата учебна година.

Постапката ќе се одвива според објавеното упатство за реализација на пракса на следниот начин:
Студентите се должни да се најават на следниот линк:

https://www.mf.ukim.edu.mk/studentska-praksa

Потоа, потребно е да ги внесете потребните податоци.

Откако сите потребни податоци се внесени, системот генерира pdf фајл.

- 3 упатници за пракса (за факултетот, за претпријатието, за студентот)
- потврда за реализирана пракса.

Упатниците Ви се потребни пред започнување на праксата и треба да бидат потпишани од менторот на насоката, а потоа да се заверат во студентската служба со потпис и печат.

Студентот е должен да ги завери упатниците во Архивата на Факултетот.

- Верификацијата, односно признавањето на реализираната практична настава го врши одговорното лице - менторот со свој потпис на Потврдата издадена од субјектот во кој праксата е изведена.

- Потврдата потпишана од одговорното лице се доставува во Студентската служба на Факултетот при уписот на зимскиот семестар во учебната 2022/2023 година. (Студентите за кои практичната настава (летната пракса) е **задолжителна**, а кои нема да достават потврда за обавена пракса **нема да можат да запишат** зимски семестар во учебната 2022/2023 година)

Скопје, 08.06.2022

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ